### 3. *Дефинирање на поимите „лажни вести“ (fake news), misinformation, disinformation(дезинформации) and malinformation (MDM), зошто и на кој начин се прошируваат*

***Најавна шпица***

**ВОДИТЕЛ:** Добре дојдовте назад во „Медиумска Писменост 101,“ радио-програма чија цел е да ги едуцира и оспособи слушателите како да се движат низ медиумскиот простор на критички и информиран начин.

**ВОДИТЕЛ:** Во денешната епизода, ќе се насочиме кон дефинирање на значењето на поимот „лажни вести“ и ќе ги откриеме причините и мотивите за ширење на лажни вести.

***Звук 1: Што се лажни вести?***

**ВОДИТЕЛ:** Светот на лажните вести  или „fake news“ е многу поголем од обичните лажни, невистинити приказни и измислици. Некои приказни може да содржат трошка вистина, но да немаат доволно детали. Тие често не вклучуваат доволно детали или факти кои би можеле да се проверат. Некои приказни пак, можат да имаат доволно детали или факти кои можат да се проверат, меѓутоа се намерно напишани со јазик  кој е намерно провокативен, изоставува важни детали од приказната и претставува само едно гледиште на приказната, кое најчесто е неточно и необјективно. "Fake news"  или лажните вести опфаќаат повеќе поими, како што се: **„misinformation[1]“, „disinformation“ ( дезинформации) и„malinformation“.** Всушност, терминот, “Fake News”  е усвоен и прифатен од оние кои сакале да отфрлат одредена информација која не одговара со нивните мисли и верувања, така што таа дефиниција повеќе не е соодветна.

***Звук 2: Видови на лажни вести***

**ВОДИТЕЛ:** Кога зборуваме за лажните вести, можеме да ги поделиме во 3 специфични категории, познати по кратенката „**MDM“.**

***Misinformation*** е лажна или неточна информација која е погрешно и ненамерно креирана и проширена помеѓу луѓето, без намера за измама, бидејќи најчесто лицето кое ја споделува информацијата не знае дека истата е неточна. „Misinformation“ можат да бидат проширени со гласини, лошо новинарство,како и со кликнување на сајтови и наслови кои нереално ја прикажуваат вистината и предизвикуваат грешно поимање на реалноста.

---

[1] Нема соодветен превод на македонски јазик за термините „misinformation“ и „malinformation“. Нивното значење е објаснето во текстот.

***Disinformation*** *или дезинформација* е лажна информација која е намерно создадена и проширена помеѓу луѓето „со цел да се влијае врз јавното мислење или да се скрие вистината“. (https://www.merriam-webster.com/dictionary/disinformation). Може да биде во повеќе форми, како на пример - „hoaxes“, теории на заговор и пропаганда. Најчесто предизвикува страв или паника кај примачот на информацијата.

Сатиричните и комичните сајтови како на пример „Waterford Whispers“ намерно користат дезинформации со цел на забавен и комичен начин да прикажат одредена вест, но многумина можат да се излажат и да поверуваат во самата содржина, мислејќи дека е вистина.

Друг пример на дезинформација чија цел е измама и предизвикување на страв кај примачот на информацијата и која многумина ја искусиле досега, е примањето на email кој не известува дека сме наследиле пари и дека треба да испратиме информации за нашата банкарска сметка со цел да ги „преземеме“ парите.

***Maliformation*** може да содржи вистинита содржина и да прозилегува од вистинска информација, но се споделува со намера некого да се доведе во заблуда и да се предизвика штета. Оваа форма на онлајн злоупотреба постојано расте и во многу случаи е директно насочена кон жените, преку порнографија, сајбер малтретирање и демнење, тролање, онлајн „grooming“ [2] и други тактики кои имаат цел да создадат страв и понижување кај жртвата.

***Звук 3: Како се прошируваат MDM ?***

MDM можат да бидат проширени онлајн преку социјалните мрежи, чет-собите, секцијата за коментари, форумите, веб-сајтовите и други апликации за комуникација.

***Звук 4:Што е она што ги мотивира луѓето да шират лажни вести?***

Финансиската добивка е еден од главните мотиви од кој луѓето се водат при ширењето на дезинформации. Бројот на кликнувања и гледања на конкретната содржина на социјалните медиуми, може да генерира многу пари и сензационални наслови, и независно дали истите се точни или неточни, многу луѓе ќе ги отворат.



Некои луѓе шират неточни информации со цел да влијаат врз јавното мислење насочувајќи ги

---

[2] Grooming - Наведување на некого да стори нешто на манипулативен начин, доведувајќи го/ја во заблуда.

луѓето во одредена насока за  да постигнат некоја цел, како на пример добивање на повеќе гласови на избори или други политички причини.

Лажните приказни и вести често пати се користени и од страна на политичарите приврзаници на одреден политички режим, со цел да ги оправдаат своите активности и одлуки.

Некои луѓе шират лажни информации на начин што ќе изманипулираат повеќе луѓе и ќе ги придобијат на своја страна, поради лична одмазда кон некое лице.

**Запознавање со гостинот/гостите говорници : (експерт или жртва на онлајн злоупотреба или и двајцата)**

Ќе зборуваме околу тоа како да .......  итн

***Звук 6: Заклучок***

**ВОДИТЕЛ:** Нашата следна епизода ќе биде посветена на начинот на проценка на вистинитоста на вестите и информациите.

**ВОДИТЕЛ:** Приклучете се и наредната недела во четврата епизода во нашата емисија „Медиумска писменост 101." Во меѓувреме, не заборавајте да го посетите нашиот вебсајт за повеќе информации  и корисни извори за медиумска писменост.

***Одвјавна шпица***

**ВОДИТЕЛ :** Ви благодариме што се приклучивте во нашата емисија „Медиумска писменост 101." До следниот пат, останете информирани, љупобитни и медиумски писмени.

***Завршна музика***